# Влатко со промоција на Св. Валентин

Задутре во клубот "Колосеум" Влатко Лозановски ќе го промовира новиот спот за песната "Сонце не ме грее". Младиот поп-пејач, победник на "Макфест 2008", за промоција на новиот спот го избра токму Денот на вљубените и на својата публика тој ќе ѝ понуди богата забава.



Видеозаписот е снимен во хотелот "Плаза" и е интересна љубовна приказна во која самиот Влатко ги истакнува своите актерски способности. Фановите ќе го видат поп-пејачот со комплетно нов имиџ.

По промоцијата Свети Валентин журка ќе приреди диџеј Панчо со специјален аренби сет од љубовни песни.

Почетокот на забавата на диџеј Панчо е на полноќ.

*(М.Џ.)*



# Албумот на Ламбе по специјална цена за вљубените

Ламбе Алабаковски, по повод Денот на вљубените 14 февруари, на својата верна публика ќе ѝ го понуди најновиот албум "Да не те љубев" по специјална цена од само 100 денари.

Од "М2" продукција најавуваат дека првиот тираж од третото цеде на Ламбе за само еден месец е во целост е распродаден. Поради големиот интерес, тие одлучиле да допечатат втор тираж со специјална цена. Ламбе деновиве низ Македонија со живи настапи по дискотеките ги промовира најновите песни. *(М.Џ.)*

ОД ДЕНЕСКА ВО ПРОДАЖБА ВЛЕЗНИЦИТЕ ЗА "ЗЛАТНА БУБАМАРА НА ПОПУЛАРНОСТА"

# Народно шоу од 650 до 1.000 денари

Билетите за манифестацијата"Златна Бубамара на популарноста" ќе се најдат во продажба од задутре на билетарницата на Универзалната сала од 16 часот. ВИП влезниците чинат 1.000 денари, а останатите се по цена од 650 денари. Популарното шоу, во кое Радио Бубамара ги наградува најпопуларните од јавниот живот за изминатата година, ќе се одржи на 25 февруари во 20 часот.

"Разбирам дека е голем притисокот за билети, тие минатите години се распродаваа за само еден час. Сепак, со управата на Универзалната сала се договоривме повеќе билети да има кај нив отколку кај нас во радиото. Така публиката ќе биде задоволена", ни рече организаторот Ранко Петровиќ.

*(М.Џ.)*



*Поголем броја билети во продажба.- Ранко Петровиќ, организаторот на манифестацијата*

# Семејството ќе го штити наследството на Боб Марли



**ЊУЈОРК (Ројтерс)** - Семејството на Боб Марли се здружи со приватна правна групација за да го средат лиценцирањето на наследството кој го остави покојниот јамајски музичар - од неговиот заштитен знак музиката, па сé до производи во продажба, како облека и видеоигри.

Марли, кому му се припишува добар дел од заслугата за ширење на јамајската музика низ светот со хитовите "Не, жено, не плачи" (No Woman, No Cry) и "Јас го убив шерифот" (I Shot the Sheriff), почина од рак во 1981 на 36-годишна возраст.

"Хилко" имаат синџир брендови како "Елен Трејси", "Линенс тингс" и "Д шарпер имиџ" и претходно овојмесец платија 20 милиони долари за половина од "Хаус оф Марли", фирма која сега ја поседуваат заедно со семејството на Марли, изјави портпаролот на групацијата.